**Опис на работни задолженија**

**Финална евалуација**

**Проект: Активни жени отчетни власти III**

## 1. Вовед

Акција Здруженска е национална организација чија мисија е унапредување на родовата еднаквост преку застапување за развој и примена на јавни политики за постигнување еднакви можности за жените и мажите, социјална инклузија и почитување на правата на жените. Организацијата работи на: Промовирање на култура на родова еднаквост и недискриминација; Промовирање на одговорно, транспарентно и отчетно владеење на полето на родовата еднаквост и правата на жените; Зајакнување и поддршка на женскиот активизам; Градење на капацитети и интензивирање на јавната дебата, дијалог и соработка за прашањата поврзани со родовата еднаквост и правата на жените.

Од основањето во 2004, програмските интервенции на организацијата се дизјанирани во два сета на активности кои придонесуваат кон две клучни промени: а) правната и политичката рамка за родова еднаквост и заштита на правата на жените се соодветни и целосно спроведувани од страна на националните и локалните владини институции; и б) активистките за женски човекови права и жените од локалните заедници се зајакнати да ги држат властите отчетни.

## 2. Опис на проектот

Надворешниот евалуатор/ка ќе биде ангажиран/а од страна на Акција Здруженска за да спроведе независна евалуација на тригодишниот проект „Активни жени, отчетни власти III“ спроведен во периодот помеѓу јануари 2021 и декември 2023 со поддршка на Kvinna Till Kvinna Foundation. Проектот е дел од програмата на Акција Здруженска фокусирана на надминување на недостатокот на програми за поддршка кои го одржуваат јазот на капацитетот помеѓу локалните и националните женски и организациите за родова еднаквост, а кој го намалува потенцијалот за застапување на женското движење.

Општата цел на проектот е да се придонесе кон зголемено влијание на жените врз процесите на планирање и донесување на одлуки, со два главни очекувани исходи:

**1. Зајакнати капацитети за застапување на локалните женски граѓански организации** преку обезбедување на предвидлива институционална, односно комбинирана финансиска и техничка поддршка за усвојување на теренскиот пристап за зајакнување на жените како редовен работен метод без оглед на тематската област (учество, економски статус, насилство итн); и поддржување на вмрежувањето и соработката во застапувањето помеѓу организации и жени од различни

општини и региони. Грантовите и менторството се обезбедуваат за да овозможат одржливост, проширување и понатамошно зајакнување на теренските мрежи за поддршка на жените од заедницата за да ги држат локалните институции отчетни и одговорни; Премин од проектно кон програмско планирање и буџетирање; Обезбедување континуитет во работењето и ефикасно користење на ресурсите од АЗ и оние добиени од други извори заради постигнување промени во локалната заедница.

**2. Зајакнат застапувачки придонес во дебатата за приоритетите на националната политика за родова еднаквост и родовата интеграција** преку континуиран мониторинг и јавно известување за напредокот постигнат од страна на националните и локалните институции во спроведувањето на обврските за родова еднаквост (со посебен фокус на Законот за родова еднаквост); и Развивање и застапување на препораки засновано на докази како индивидуални, или колективни напори во локалните и националните консултации ориентирани кон:  а) Промена на актуелната практика на развој и спроведување на политиките за родова еднаквост и правата на жените која се потпира на проекти од развојната помош и техничка поддршка на надворешните актери; б) Подобрен пристап до јавните финансиски средства за женските организации, особено локалните; и с) Фер процес и механизми за вклучување на организациите кои работат на родовата еднаквост и женските човекови права (особено локалните женски организации) во процесите на планирање и одлучување.

**3. Цели и опсег на евалуацијата**

Целта е да се изврши оценка на постигнатите резултати од спроведувањето на проектот и во колкава мерка тие придонеле кон постигнување на општата цел на проектот. Проектната евалуација истовремено треба да опфати анализа на научените лекции, предизвиците и добрите практики за време на спроведувањето со препораки  кои би требало да бидат земени предвид при планирањето на идната стратегија на Акција Здруженска за периодот 2025-2027 година.

**Цели:**

- Проценка на важноста и остварувањето на општата цел: проценка на исходите на проектот, како и нивниот придонес кон целта на проектот.
- Проценка на дизајнот на проектот; стратегиите за имплементација; и преглед на ефикасноста на проектот: анализа на проектниот менаџмент, дистрибуција и искористување на ресурсите (финансиски, човечки и технички);
- Проценка на воспоставените партнерства и капацитети изградени надвор од опсегот на проектните интервенции;
- Анализа на одржливоста на проектот: проценка на потенцијалот за долгорочна одржливост на проектот и потенцијалот да се создаде трајно позитивно влијание;

Проценката ќе ги земе предвид подготвителната фаза спроведена во 2020 година и претпоставките направени на почетокот на процесот на развој на проектот како релевантни во однос на исполнувањето на Исходот 1.

**Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска - Скопје**
**Ул. Никола Тримпаре 12-1/12, Скопје; e-mail: zdruzenska@t-home.mk**

Ангажираниот експерт/ка се очекува да развие и предложи методологија за проценката со која ќе се осигура дека пристапот вклучува:

- Елаборирана листа на прашања кои ги следат стандардните критериуми за евалуација на OECD/DAC[1], како и специфичните прашања од интерес обезбедени од тимот на Акција Здруженска;
- Разбирање на феминистичкиот пристап, врз основа на клучните вредности за транспарентност, интерсекционалност, инклузивност, чувствителност и пристап заснован на човековите права;
- Разработени методи во обезбедувањето на информациите, којшто вклучува собирање и анализа на програмска документација: темелен преглед на програмските документи, извештаи и други релевантни материјали; Обезбедување на информации/повратна информација од поддржани организации и жените од заедниците, како и други релевантни чинители, вклучувајќи го и програмскиот тим, а коишто се неопходни за проценка на степенот на остварување на исходот на проектот, како и нивната усогласеност со целокупната цел на проектот.
- Распоред на закажаните состаноци (на пример. Состаноци за брифирање и дебрифирање, интервјуа и дискусии на фокус групи) и логистичките аранжмани се одговорност на експертот.
- Евалуаторот/ката ќе биде во постојана соработка и комуникација со програмскиот тим за да обезбеди соодветен и континуиран тек на процесот.

**5. Времетраење и период на спроведување на евалуацијата**

Овој ангажман предвидува 15 работни дена во периодот мај– јули 2024

**6. Задачи**

- Методологија со прецизирани прашања за проценка, алатки за собирање податоци и финален работен план (01 јуни 2024)
- Презентација на главните наоди пред тимот на Акција Здруженска (01 јули 2024)
- Нацрт-извештај од евалуација (10 јули 2024)
- Финален извештај за евалуација со наоди и препораки на англиски јазик во најмногу 20 страници (15 јули 2024)

**7. Потребна експертиза и квалификации**

- Искуство во спроведување на проценки во развојот на граѓанското општество и програми за родова еднаквост и женски човекови права;
- ВСС во областа на општествени и хуманистички науки или соодветно на нив (искуство во спроведување на феминистички и родови истражувања);
- Работно искуство со женски граѓански организации со фокус на женски човекови права и родова еднаквост

[1] https://www.oecd.org/dac/evaluation/daccriteriaforevaluatingdevelopmentassistance.htm

- Разбирање за развојни програми, стратешки планови, работни програми, како и менаџмент на граѓанските организации;
- Искуство во дизајнирање на програми и теорија на промени, пристапи на учество и ангажмани на учесниците;
- Одлични аналитички и комуникациски вештини
- Одлично познавање на а) Англиски јазик и б) Македонски јазик (алтернативно, трошоците за толкување мора да бидат вклучени во буџетот).

**8. Содржина на понудата и краен рок за поднесување**

- Работна биографија, вклучувајќи информации за познавање на јазик, земја на живеење и контакт информации;

- Кратка содржина на предлогот за спроведување на ангажманот, во согласност со описот на работните задачи;

- Финансиски предлог за ангажманот. Вкупниот буџет треба да вклучува хонорар за консултантот/тите наведени како дневни хонорари со вклучени даноци и останати придонеси, како и ДДВ и доколку е применливо, сите останати трошоци поврзани со спроведување на ангажманот. Договорените консултант/и не можат да ги пренесат обврските поврзани со ангажманот на трети лица. Во случај предлогот да вклучува тим на евалуатори, треба да се претстави поделбата на работата во рамките на тимот;

- Најмалку 3 референци за претходни ангажмани слични на описот на работните задачи од овој повик.

**Понудата треба да биде испратен најдоцна до 17 мај 2024 на електронската пошта на Акција Здруженска zdruzhenska@t.mk. За било какви прашања и појаснувања контактитајте ја Соња Хаџи Николов на следниот мејл:** sonja.hadjinikolov@zdruzenska.mk.